Дневни сценарија по музичко образование Мај

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Вовед во пеење и свирење по нотен запис** (петолиние, виолински клуч, местото на тоновите на петолинието, нота, сол1, ми1 – визуелно препознавање на петолиние)<br> | • Пее/свири елементарни вежби со тоновите сол1 и ми1 по нотен запис. | Мај | **Воведни активности:**<br>Наставникот црта петолиние на табла. Учениците откриваат гатанки за тоновите сол и ми.<br>Една нотна глава се качува по скала. Која и е целта? Да не сака да се слика!? Не, ова е музичка нота. Кон втората линија ита! Како се вика? (сол).<br>Ми се залула една нота со јажето на петолинието. Ако веднаш не седне на првата линија ќе и се намали поведението. Која е таа нота? (ми).<br>Учениците ги поставуваат нотите на петолинието користејќи слики/симболи: птици, жапчиња, зајчиња, цреши, јаболка, емотикони и сл. Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците пеат и ритмизираат различни мелодиско-ритмички модели со тоновите сол и ми, со плескање со раце, тропкање со нозе, движења во простор.<br>Пример: Ја воочуваат положбата на нотите сол и ми на металофонот. За полесно да ги воочат се обоени ми – жолто, сол – црвено.<br><br><br>Потоа им се дава нотен запис и учениците ја свират мелодијата на металофон, а истовремено и ги пејат тоновите сол и ми.<br><br>(20 мин.) | • Табла<br>• Маркер<br>• Слики/симболи | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност:**<br>Учениците изведуваат вежби со тоновите сол и ми со поставување на раката на одредено место на телото. Кога се пее тонот сол раката се става на челото, а за тонот ми раката се става на брадата. (7 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивме? Како се чувствувавте? Која е повисоката нота, а која пониската нота? (5 мин.) | | |

Дневни сценарија по музичко образование Мај

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • Видови музика<br><br>(класична музика, музика за деца – детски песни, музика од анимиран филм, народна музика) | • Разликува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/-а.<br>• Наведува најмалку по една композиција од секој вид музика. | Мај | **Воведни активности:**<br>Учениците повторуваат за видовите музика: класична музика, музика за деца – детски песни, музика од анимиран филм, народна музика. Што е карактерисктично за секој вид музика? Се запознаваат со целите. (5 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Наставникот пушта аудио/видео запис од различни видови музика: класична музика, музика за деца – детски песни, музика од анимиран филм, народна музика.<br>Учениците, поделени во групи, учествуваат во квиз за погодување на видот на музиката врз основа на сегменти од мелодии/композиции кои им ги пушта наставникот.<br>https://www.youtube.com/watch?v=GRxofEmo3HA – Вивалди: ***Четири годишни времиња,*** класична музика<br>https://www.youtube.com/watch?v=BH9tMLyCjXY – ***Чудна Случка***, во изведба на Симон Трпчевски, музика за деца – детски песни<br>https://www.youtube.com/watch?v=D1o_Xnx6_e8 – ***Пинк Пантер,*** музика од анимиран филм<br>https://www.youtube.com/watch?v=C4tBk_L16l4 – ***Сторил ниет зајко да се жени***, народна музика, изведба на Народен оркестар и Сузана Спасовска.<br>(20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Секој ученик треба да наведе барем по една композиција од секој вид на музика. Композициите ги запишуваме на табла, а потоа се врши избор на една композиција по која учениците ликовно се изразуваат, или со движење. (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што учевме денес? Кои видови на музика ги слушавме? Како се чувствувавме додека ја слушаме музиката? (5 мин.) | - уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор);<br>- хартија<br>- прибор за пишување, боење<br>- табла<br>- маркери | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |





Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование                                        Мај

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • Видови музика<br><br>(класична музика, музика за деца – детски песни, музика од анимиран филм, народна музика) | • Разликува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/-а.<br>• Наведува најмалку по една композиција од секој вид музика. | Мај | **Воведни активности:**<br>Учениците повторуваат за видовите музика: класична музика, музика за деца – детски песни, музика од анимиран филм, народна музика. Што е карактерисктично за секој вид музика? Се запознаваат со целите. (5 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Наставникот пушта аудио/видео запис од различни видови музика: класична музика, музика за деца – детски песни, музика од анимиран филм, народна музика.<br>Учениците, поделени во групи, учествуваат во квиз за погодување на видот на музиката врз основа на сегменти од мелодии/композиции кои им ги пушта наставникот.<br>(20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците играат музичка игра: се поставуваат столчиња за едно помалку од бројот на ученици. Се пушта музика, учениците се движат по музиката околу столчињата. Кога музиката ќе сопре сите седнуваат на столчињата. Еден ученик нема место за седнување и тој излегува од играта, а со него се трга и едно столче. Победник е оној кој ќе остане последен. (10 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што учевме денес? Кои видови на музика ги слушавме? Како се чувствувавме додека ја слушаме музиката? (5 мин.) | - уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор);<br>- столчиња | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |





Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Вовед во пеење и свирење по нотен запис**<br>(петолиние, виолински клуч, местото на тоновите на петолинието, нота, сол1, ми1 – визуелно препознавање на петолиние)<br> | • Пее/свири елементарн и вежби со тоновите сол1 и ми1 по нотен запис. | Мај | **Воведни активности:**<br>Да се потсетиме: песната или било која композиција ја паметиме и препознаваме по основната мелодија што може да се запише. За запишување на мелодијата ни помагаат нотите. Учениците ги именуваат нотите и ги запишуваат на петолиние нацртано на табла или ги поставуваат со слики/симболи). Се запознаваат со целта (8 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Наставникот пее кратки модели со тоновите сол и ми на неутрален слог **на**, а учениците ги повторуваат со именување на тоновите (елементарен устен диктат)<br>Примери:<br>1.<br><br>2.<br><br><br>(20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците изведуваат вежби со тоновите сол и ми со поставување на раката на одредено место на телото. Кога се | - Табла<br>- Слики/симболи<br>- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор) | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | пее тонот сол раката се става на челото, а за тонот ми раката се става на брадата. (7 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што научивме? Како се чувствувавме? Дали правилно ги пееме тоновите сол и ми? (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk